Република Северна Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

# БАРАЊЕ
## согласност за признавање на расход во даночен биланс

**ДД-БС**

** Пополнува Управа за јавни приходи*

Единствен даночен број

Скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт

Телефон

е-пошта

Датум и број на прием

Даночен период

од | до

Рок за поднесување

*"износ во денари"*

## ПОДАТОЦИ ЗА РАСХОДИТЕ ЗА КОИ СЕ БАРА СОГЛАСНОСТ

1. Расход по основ на преостанатата сегашна вредност на средствата кои не можат понатаму да се користат

## ПРИЛОЗИ

- [ ] 1. Список на средства кои не можат понатаму да се користат
- [ ] 2. Акт со кој се уредува начинот на пресметување на амортизацијата
- [ ] 3. Одлука за усвојување на извештајот за попис и евидентирање на утврдените разлики
- [ ] 4. Изјава дека средствата не можат понатаму да се користат

## ПОДАТОЦИ ЗА СОСТАВУВАЧОТ

Назив / Име и презиме

ЕДБ / ЕМБГ

Датум на пополнување

Својство

Потпис

## ПОДАТОЦИ ЗА ПОТПИСНИКОТ

Име и презиме

ЕМБГ

Датум на пополнување

Својство

Потпис

** Пополнува Управа за јавни приходи*

Податоци за обработката

# УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ



Барањето согласност за признавање на расход во даночен биланс образец ДД-БС се поднесува согласно член 9-а од Законот за данокот на добивка за средствата кои имаат сегашна вредност и кои понатаму не можат да се користат, врз основа на Одлука од органот на управување. Образецот ДД-БС се поднесува најдоцна до 31 јануари во годината која следува по годината за која барањето се поднесува.

При пополнување на образецот ДД-БС, податоците внесете ги читливо и целосно, во точно означените полиња.
Не впишувајте ништо во полињата кои ги пополнува Управата за јавни приходи.
Износите се искажуваат во денари, без дени.
Во образецот задолжително се внесуваат податоците за: Единствен даночен број (ЕДБ), скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт, и рокот за поднесување.

## ПОДАТОЦИ ЗА РАСХОДИТЕ ЗА КОИ СЕ БАРА СОГЛАСНОСТ

1. **Расход по основ на преостанатата сегашна вредност на средствата кои не можат понатаму да се користат**.
   Износот на расходи по основ на преостанатата сегашна вредност на средствата кои не можат понатаму да се користат согласно член 9-а став 5 од Законот за данокот на добивка.

## ПРИЛОЗИ

1. **Список на средства кои не можат понатаму да се користат**
   Податоци кои треба да се содржани во список: назив на средството кое се отпишува, инвентарен број, амортизациона група и подгрупа на која средството припаѓа, набавна вредност, исправка на вредност и сегашна вредност на средствата што се отпишуваат со состојба на 31 декември во годината.
2. **Акт со кој се уредува начинот на пресметување на амортизацијата**
3. **Одлука за усвојување на извештајот за попис и евидентирање на утврдените разлики донесена од органот на управување.**
4. **Изјава дека средствата не можат понатаму да се користат**
   Со назначување на причината за неможноста за понатамошно користење: уништување или оштетување од виша сила како и од други непредвидливи настани, физичка дотраеност и техничка застареност, средства кои даночниот обврзник повеќе од една година непрекинато не ги користи, а нивното ставање вон употреба не е поради поправка или доградба, средствата што се во фаза на набавка, а чија набавка, по одлука или по друг акт, е откажана или три години едно по друго не се вложуваат средства за довршување на таа набавка и средства кои во последните пет години даночниот обврзник непрекинато ги користи помалку од 30% од нивниот програмиран капацитет.

**Податоци за составувачот и потписникот**
Се пополнуваат податоците за потписникот и составувачот на билансот.



** Образецот е објавен на веб страницата на УЈП http://www.ujp.gov.mk/mk/obrasci/opis/212 и важи од 01.01.2019 година*